РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-780/2
27-07-2026 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 36-тата седница одржана на 20.07.2026 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Пријавата заведена под број 12-780/1 од 16.02.2026 година, против директорот на ЈП /// – ///, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување во предметниот случај, од причина што за пријавените наводи е надлежен да постапува друг орган.

Пријавата, заедно со прилозите, се доставува на надлежно постапување на Одделението за внатрешна ревизија на Општина /// и на Државниот завод за ревизија.

Предметот со број 12-780/1 од 16.02.2026 година да се затвори и да се архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на непознат подносител, на ден 16.02.2026 година, поднесена е пријава против директорот на ЈП /// – /// и оформен е предмет број 12-780/1 од 16.02.2026 година.
Во пријавата подносителот изразува сомневање за незаконско делување на директорот на ЈП /// – /// поврзано со спроведување на повеќе постапки за јавни набавки (услуги за обезбедување, вулканизерски услуги, одржување на игралишта, консултантски услуги, набавка на гориво и друго) за кои подносителот на пријавата посочува на недостатоци во постапките коишто

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

упатуваат на фаворизирање на правни лица, злоупотреба на буџетски средства и стекнување имотна корист, без да бидат доставени конкретни докази за истото.

По разгледувањето на предметните наводи и релевантните законски одредби, ДКСК констатира дека во случајот по пријавените наводи односно дејствија, друг орган е надлежен да постапува, од причина што истите се однесуваат на наводни неправилности во работењето на ЈП /// – ///, чиј основач е Општина ///, а која во рамките на своите законски овластувања го следи работењето на претпријатието и презема соодветни мерки за обезбедување законито и правилно работење, и предметната пријава со прилозите ќе се доставaт до Општина ///, заради вршење на внатрешна ревизија во рамките на своите законски надлежности за проверка на наводите содржани во пријавата.

Дополнително, имајќи ја предвид и надлежноста на Државниот завод за ревизија, да врши ревизија на работењето на субјектите од јавниот сектор, вклучително и на јавните комунални претпријатија, ДКСК оцени дека за наводите изнесени во пријавата ќе го извести и Државниот завод за ревизија, со барање, согласно неговата законска надлежност и утврдените критериуми за планирање на ревизии, ЈП /// – /// да биде вклучено во годишниот план за вршење државна ревизија, заради проверка на наводите и преземање дејствија во рамките на неговите законски овластувања, доколку биде потребно.

Имајќи го предвид погоре наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател**

**Адем Чучуљ**

Изготвил: **А.Р.М.**, советник
Контролирал: **Ј.Ц.**, раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: м-р К.З., член на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk